**Упатство за употреба: Информации за пациентот**

**AVONEX® 30 микрограми/0.5 ml раствор за инјектирање**
(интерферон бета-1а)
**наполнет инјекциски шприц**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**
Дури и ако сте го употребувале Avonex порано, некои од информациите се можеби променети.
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако добиете било какви несакани ефекти разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт. Ова ги вклучува сите можни несакани ефекти кои не се наведени во ова упатство. Види дел 4.

| |
|---|
| (Забелешки)<br><br>Ова упатство за употреба на лекот повремено се менува.<br>Секој пат кога ќе добиете нов лек, ве молиме проверете го упатството за употреба на лекот дали има нови информации. |

**Упатството за пациентот содржи**:
1. Што претставува AVONEX® и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го употребите AVONEX®
3. Како да го употребувате AVONEX®
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на AVONEX®
6. Како да се инјектира AVONEX®

**Што содржи AVONEX**

**Активна состојка** е: интерферон бета-1а 30 микрограми/0.5ml
**Други состојки се:** натриум ацетат, трихидрат; оцетна киселина, глацијална; аргинин хидрохлорид; полисорбат 20; вода за инјекции.

**Носител на одобрението за ставање на лек во промет**
Медис Македонија ДООЕЛ Скопје, Ул. Наум Наумовски Борче 50/2-6, 1000 Скопје

**Производител:**
Biogen (Denmark) Manufacturing ApS, Biogen Alle 1, DK-3400 Hillerød, Данска
**Место на производство:**
Vetter Pharma Fertigung GmbH&Co.KG - Лангенарген, Германија
Cilag AG-Шафхаузен, Швајцарија

## 1. Што претставува AVONEX® и за што се употребува

**Што е AVONEX**

Активната компонента во Avonex е протеин наречен *интерферон бета-1а*. Интерфероните се природни супстанции кои се создаваат во Вашето телото со цел да помогнат во заштитата од инфекции и болести. Протеинот во Avonex е направен од потполно исти состојки како интерферонот бета кој се наоѓаво човечкото тело.

**За што се употребува AVONEX**

**Avonex се употребува за лекување на мултипла склероза (МС).** Лекување со Avonex ќе Ве заштити од влошување на болеста, но нема да ја излечи МС.

**Секој пациент има свои симптоми на МС.** Тие вклучуваат:

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKESORE
SHKUP СКОПЈЕ

- Чувство на нарушена рамнотежа или вртоглавица , проблеми во одењето, вкочанетост и грчеви во мускулите, замор, трпнење на лицето, рацете или нозете
- Акутна или хронична болка, проблеми со мочниот меурили цревата, сексуални проблеми и проблеми со видот
- Тешкотии во мислењето и концентрацијата, депресија.

МС исто така има тенденција ненадејно да се јави од време на време: тоа се вика релапс.

(Забелешки)

Avonex најдобро делува доколку го употребувате во исто време, еднаш неделно, редовно.
Не го прекинувајте третманот со Avonex без претходно да се консултирате со Вашиот невролог.

**Avonex може да помогне во намалување на бројот на релапсите кои сте ги имале, како и да се забават ефектите на оневозможување на МС.** Вашиот лекар ќе Ве советува колку долго можете да го користите Avonex или кога да престанете.

**Како делува AVONEX**

Мултипла склероза е поврзана со оштетување на нервите (мозочните и спиналните). Кај МС Вашиот одбрамбен систем реагира кон сопствениот миелин – „изолатор„ кој ги обвиткува нервите. Кога миелинот е оштетен, пораките помеѓу мозокот и другите делови од телото се прекинати. Од ова настануваат симптомите на МС. Avonex изгледа делува така што го спречува одбрамбениот систем на Вашето телото да го напаѓа миелинот.

## 2. Што треба да знаете пред да го употребите AVONEX®

**Немојте да употребувате AVONEX**

- **Ако сте алергични** на интерферон бета или на било која од состојките на овој лек (наведени во дел 6).
- **Ако имате тешка депресија** или мисли за самоубиство.

**Веднаш разговарајте со лекар, доколку некоја од состојбите се однесува на Вас.**

(Забелешки)

**Avonex и алергиски реакции.** Бидејќи Avonex е базиран на протеини, постои мала можност за појава на алергиска реакција.

**Повеќе за депресијата.** Ако имате тешка депресија или мисли за самоубиство, не смеете да употребувате Avonex.
Вашиот лекар може да Ви препише Avonex и во случај да страдате од депресија, но важно е да му кажете на Вашиот лекар дека страдате од депресија или слични проблеми кои влијаат на Вашето расположение.

**Предупредувања и мерки на претпазливост**

**Разговарајте со Вашиот лекар пред да го употребуватеAVONEX, доколку имате или сте имале во минатото:**
- **Депресија** или проблеми кои влијаат на Вашето расположение
- **Мисли за самоубиство**

Веднаш обратете се кај Вашиот лекар ако забележите промени во расположението, ако почнете да размислувате за самоубиство, да чувствувате невообичаена тага, вознемиреност или безвредност.
- **Епилепсија** или други напади кои не се контролирани со лекови
- **Сериозни проблеми со бубрезите или црниот дроб**
- **Низок број на бели крвни клетки или тромбоцити**, кои може да предизвикаат зголемен ризик од инфекции, крварења или анемија
- **Проблеми со срцето,** што може да предизвика симптоми како што се болка во градите *(ангина)*, особено по секоја активност; отечени зглобови, недостаток на воздух *(конгестивна срцева слабост)* или неправилни срцеви отчукувања *(аритмија)*.

**Разговарајте со својот лекар ако имате некоја од наведените состојби,** или иститe се влошиле додека употребувате Avonex .

Згрутчување на крвта во малите крвни садови може да се случи за време на вашето лекување. Овие згрутчување на крвта би можеле да влијаат на вашите бубрези. Ова може да се случи неколку недели до неколку години по започнување на употребата на Avonex.

Вашиот лекар може да сака да го провери вашиот крвен притисок, крв (тромбоцити) и функцијата на вашите бубрези.
**Информирајте го Вашиот лекар дека употребувате Avonex:**
- **ако правите тестови на крвта** затоа што Avonex може да влијае на резултатите.

(Забелешки)

**Понекогаш ќе треба да го потсетите останатиот медицински персонал дека се лекувате со Avonex.** На пример, доколку Ви препишуваат други лекови, или ако Ви ја испитуваат крвта, Avonex може да влијае на други лекови или резултатите од тестот.

**Други лекови и AVONEX**
**Разговарајте со Вашиот лекар** ако употребувате други лекови, особено оние што се користат за лекување на епилепсија или депресија. Avonex може да влијае на нивниот ефект, како и тие на неговиот. Ова ги вклучува сите други лекови, вклучувајќи и лекови добиени без рецепт.

**Бременост и доење**

Ако сте бремени, мислите дека сте бремени или планирате да имате бебе, прашајте го Вашиот лекар за совет пред да го земете овој лек.

Не се очекуваат негативни ефекти врз новороденчето/новороденчето на мајчино млеко. Avonex може да се употребува за време на доењето.

**Возење и ракување со машини**

**Ако чувствувате вртоглавица, не управувајте со возило.** Avonex кај некои луѓе може да предизвика вртоглавица. Ако тоа Ви се случи Вам, или ако имате некое друго несакано дејство кое може да влијае врз Вашите способности, не возете и не ракувајте со машини.

**Важни информации за некои од состојките на AVONEX**

Овој лек содржи помалку од 23mg (1mmol) натриум во секоја неделна доза,односно незначителна количина на натриум.

3. **Како да се употребува AVONEX®**

**Препорачаната доза**

**Една инјекција Avonex, еднаш неделно**
Обидете се да користите Avonex во исто време, во ист ден, секоја недела.

**Не е за деца.**
**Avonex не треба да се употребува** кај деца на возраст под 12 години.

Доколку сте одлучиле да почнете лекување со Avonex, Вашиот лекар може да Ви обезбеди Avostartclip комплет за титрација. Avostartclip се прикачува за шприцот и овозможува постепено зголемување на Вашата доза Avonex кога за прв пат почнувате со лекување. Со тоа се ограничуваат симптомите слични на грип кои некои луѓе ги имаат кога почнуваат со употреба на Avonex. Вашиот лекар или медицинска сестра ќе Ви помогнат со употребата на Avostartclip комплетот за титрација.

(Забелешки)

**Започнување со Avonex**
Доколку за првпат почнувате со Avonex, Вашиот лекар може да Ве советува постепено да ја зголемувате Вашата доза, за да можете да се привикнете на ефектите од Avonex пред да ја земете целата доза. Ќе бидете снабдени со Avostartclip комплет за титрација. Avostartclip може да се прикачи на шприцот, овозможувајќи инјектирање на помала доза Avonex на почеток од третманот. Секој Avostartclip треба да се употребува само еднаш и потоа да се фрли заедно со останатата количина Avonex. За дополнителни информации за употребата, разговарајте со Вашиот лекар.

**Самоинјектирање**

Avonex можете да го инјектирате и сами без помош на Вашиот лекар, доколку Ве обучиле за тоа. Упатството за тоа како да се инјектира се наоѓа на крајот на ова Упатство (видете го делот 6, *Како да се инјектира AVONEX*).

**Ако имате проблем** со ракување со шприцот, обратете се кај Вашиот лекар кој може да Ви помогне.

(Забелешки)

На крајот од ова упатство **има повеќе информации како да инјектирате Avonex**.

**Алтернативна игла:**
Вашето пакување на Avonex веќе вклучува игла за инјектирање. Вашиот лекар може да Ви препише пократка и потенка игла, зависно од Вашата телесна конструкција. Разговарајте со својот лекар за да видат дали тоа е соодветно за Вас.

**Доколку имате проблеми со ракување на шприцот**, разговарајте со својот лекар за употреба на држач за шприцот. Ова е специјално дизајниран држач за да Ви помогне при инјектирање на Avonex.

**Колку долго се применува AVONEX**

Вашиот лекар ќе Ви каже колку долго треба да употребувате Avonex. Важно е да продолжите со регуларна употреба на Avonex. Не правете промени, доколку Вашиот лекар не Ви кажал.

**Ако сте инјектирале поголема доза на лек отколку што треба**

Треба да примате само една инјекција на Avonex, еднаш неделно. Ако сте употребиле повеќе од една инјекција на Avonex во период од три дена, **веднаш треба да се посоветувате со својот лекар или фармацевт.**

**Ако сте заборавиле да инјектирате**

**Ако сте заборавиле да ја инјектирате неделната доза**, веднаш штом ќе можете инјектирајте доза. Потоа направете пауза од една недела, пред да употребите Avonex повторно. Продолжете да инјектирате на овој нов ден секоја недела. Ако имате посебен ден кој Вам Ви е погоден за инјектирање, разговарајте со својот лекар околу подесување на дозата за да се вратите на својот посебен ден.
Не употребувајте две инјекции за да ја надоместите пропуштената инјекција.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови, и овој лек може да предизвика несакани дејства, иако не секој ги добива.

(Забелешки)

Иако листата на можни несакани дејства може да изгледа загрижувачки, можно е да немате ниеден од нив.

**Сериозни несакани дејства: побарајте лекарска помош**

**Сериозни алергиски реакции**
Ако добиете било кој од овие:
- отекување на лицето, усните или јазикот
- тешко дишење
- осип.

**Веднаш јавете се на лекар**. Не употребувајте повеќе Avonex додека не разговарате со Вашиот лекар.

**Депресија**
Ако добиете било какви симптоми на депресија:
- чувствувате невообичаена тага, вознемиреност или безвредност.

**Веднаш јавете се на лекар.**

**Проблеми со црниот дроб**
Ако добиете било кој од овие симптоми:
- пожолтување на кожата или на белките на очите *(жолтица)*
- чешање по целото тело
- се чувствувате како да се разболувате или сте болни *(гадење, повраќање)*
- лесно добивање модринки по кожата.

**Веднаш јавете се на лекар,** бидејќи овие симптоми можат да бидат знаци на можни проблеми со црниот дроб.

**Несакани дејства забележани во клиничките испитувања**

(Забелешки)

**Несакани дејства забележани во клиничките испитувања.** Овие се несакани дејства кои луѓето ги пријавиле при испитување на Avonex. Податоците се базираат на тоа колку луѓе пријавиле дека ги имале. Тоа Ви дава идеја колку е веројатно да добиете слични несакани дејства.

**Многу чести несакани дејства**
*(може да се појават кај повеќе од 1 на 10 луѓе)*
- Симптоми слични на грип - главоболка, болки во мускулите, чувство на ладно или треска; видете *Симптоми слични на грип,* подолу
- Главоболка.

**Чести несакани дејства**
*(може да се појават кај помалку од 1 на 10 луѓе )*
- Губиток на апетит
- Чувство на слабост и умор
- Потешкотии со спиењето
- Депресија
- Црвенило со чувство на топлина
- Течење на носот
- Дијареа *(течни столици)*
- Се чувствувате како да се разболувате или сте болни *(гадење или повраќање)*
- Вкочанетост или трпнење на кожата
- Осип, модринки по кожата
- Зголемено потење, ноќно потење
- Болки во мускулите, зглобовите, рацете, нозете или вратот
- Мускулни грчеви, вкочанетост во зглобовите и мускулите
- Болка, модринки и црвенило на местото на инјектирање
- Промени во крвните анализи. Симптомите кои Вие може да ги забележите се умор, повторувани инфекции, необјаснети модринки или крварење.

**Невообичаени несакани дејства**
*(може да се појават кај помалку од 1 на 100 луѓе)*
- Опаѓање на косата
- Промени во Вашата менструација
- Чувство на печење на местото на инјектирање.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

**Ретки несакани дејства**
*(може да се појават кај помалку од 1 на 1000 луѓе)*

- Потешкотии во дишењето
- Проблеми со бубрезите вклучувајќи создавање на лузни кои може да ја намалат функцијата на бубрезите.
  Ако добиете некои или сите од овие симптоми:
  - Пенлива урина
  - Замор
  - Оток, особено во зглобовите и очните капаци, и зголемување на телесната тежина.

  **Кажете му на Вашиот лекар бидејќи тие знаци може да бидат можен проблем за бубрезите.**
- Згрутчување на крвта во малите крвни садови кои можат да влијаат на вашите бубрези (тромботична тромбоцитопенична пурпура или хемолитичен уремичен синдром). Симптомите може да вклучуваат зголемени модрици, крварење, екстремна слабост, главоболка, вртоглавица или зашеметеност. Вашиот лекар може да забележи промени во крвта и функцијата на вашите бубрези.

**Ако имате било какво несакано дејство, , разговарајте со Вашиот лекар.**

**Други несакани дејства**

(Забелешки)

**Овие несакани дејства се забележани кај луѓе кои употребуваат Avonex, но не е познато колкава е веројатноста тие да се појават.**

- Намалена или покачена активност на тироидната жлезда
- Нервоза или вознемиреност, емоционална нестабилност, нерационални мисли или халуцинации (гледање или слушање на работи кои не се реални), конфузност или самоубиство
- Вкочанетост, вртоглавица, напади или грчеви и мигрена
- Свесност за чукањето на срцето (палпитации), брзо или нередовно отчукување на срцето, или проблеми со срцето кои ги имаат следните симптоми: намалена способност за вежбање, невозможност да се лежи на грб, недостаток на здив или отечени зглобови
- Проблеми со црниот дроб, кои се опишани погоре
- Уртикарија или осип со пликови, чешање, влошување на псоријаза ако ја имате
- Отекување или крварење на местото на инјектирање, или болка во градниот кош по инјектирањето
- Добивање или губење во тежина
- Промени во резултатите од тестот, вклучувајќи ги и промените на црнодробната функција.
- Белодробна артеријална хипертензија: болест на тешко стеснување на крвните садови во белите дробови која доведува до голем притисокот во крвните садови кои носат крв од срцето до белите дробови. Белодробна артеријална хипертензија била забележана во различни временски точки вклучувајќи неколку години после почеток на третман со интерферон бета.

**Ако имате било какво несакано дејство, разговарајте со Вашиот лекар.**

**Несакани дејства од инјектирањето**

- **Чувство на несвестица:** Вашата прва доза на Avonex треба да биде дадена од страна на Вашиот лекар. Таа може да предизвика чувство на несвестица. Вие може и да се онесвестите. Ова е малку веројатно да се случи повторно.
- **Веднаш по инјекцијата може да почувствувате напнатост или слабост во мускулите –** слично како да имате релапс. Ова е ретко. Тоа се случува само при инјектирањето и ефектите наскоро поминуваат. Тие може да се случат во секое време по започнување на третманот со Avonex.
- **Ако забележите било каква иритација или кожни проблеми** по инјектирањето разговарајте со Вашиот лекар.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

**Симптоми слични на грип**

(Забелешки)

**Три едноставни начини за ублажување на симптомите слични на грип:**

1. **Инјектирајте го Avonex непосредно пред спиење. Ова може да Ви овозможи** да ги преспиете ефектите.
2. **Земете парацетамол или ибупрофен половина час** пред Вашата Avonex инјекција и продолжете да ги земате уште еден ден. Разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт за соодветната доза.
3. **Ако имате треска, пијте многу вода** за да останете хидрирани.

**Некои луѓе сметаат дека по инјектирањето на Avonex, тие се чувствуваат како да имаат грип.**
Знаците се:

- Главоболка
- Болки во мускулите
- Чувство на ладно или треска.

**Овие симптоми не се навистина грип.**
Вие не можете да ги пренесе на некој друг. Тие се почести кога прв пат ќе започнете со употребата на Avonex. Вашиот лекар може да Ви обезбеди Avostartclip комплет за титрација кој ќе Ви овозможи постепено зголемување на Вашата доза на почеток на третманот за да Ви помогне да се ограничат симптомите слични на грип. Како што продолжува лекувањето, симптомите слични на грип постепено се намалуваат.

**Пријавување на несакани дејства**

Ако забележите било каква појава на несакани дејства, потребно е да го информирате Вашиот лекар или фармацевт. Ова вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство. Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата https://malmed.gov.mk/. Со пријавување на несакани ефекти може да се помогне во обезбедување на повеќе информации за безбедноста на лековите.

Со цел да се подобри следливоста на овој лек, лекарот или фармацевтот во вашиот картон треба да ги евидентираат името и бројот на серијата на лекот кој вам ви е издаден. Добро е и сами да ги забележите овие информации во случај некој во иднина да има прашање во врска со нив.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
СКОПЈЕ • SHKUP

## 5. Чување и рок на употреба на AVONEX®

**Лекот да се чува подалеку од поглед и дофат на деца.**

**Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.**

Да се чува во оригиналното пакување (запечатена пластична чинија) со цел да се заштити од светлина.
Да се чува во фрижидер (меѓу $2^0$C и $8^0$C). Да не се замрзнува.
Avonex, исто така, може да се чува на собна температура (помеѓу $15^0$C - $30^0$C) до една недела.

**НЕ употребувајте Avonex** ако забележите дека:

- наполнетиот инјекциски шприц е скршен.
- Запечатената пластична чинија е оштетена или отворена.
- Растворот е обоен или можете да видите честички како пливаат во него.
- Затворачот е скршен.

Да не се фрлаат било какви лекови во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да се фрлат лековите кои повеќе не се потребни.
Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

**Како изгледа AVONEX и содржина на пакувањето**

**Avonex растворот за инјектирање доаѓа како инјекција подготвена за употреба.**
Во кутијата со Avonex има четири шприца подготвени за употреба (претходно наполнети), секој наполнет со 0.5ml бистра, безбојна течност. Секој шприц е спакуван во запечатена пластична чинија. Посебна игла за да се даде инјекција е исто така вклучена во чинијата.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се применува само во здравствена установа(З).

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
Јуни, 2020 година.

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**

## 6. Како да се инјектира AVONEX®

**Вие треба да имате обука за тоа како да инјектирате Avonex**
Овие забелешки се потсетник. Ако за нешто не сте сигурни, проверете со Вашиот лекар или фармацевт.

**Каде да инјектирате**

- **Avonex се инјектира во мускул,** на пример во горниот бутен мускул. Не се препорачува инјектирање на Avonex во задникот.
- **Секоја недела користете друго место за инјектирање.** Тоа го намалува ризикот од надразнување на кожата и мускулот.
- **Не користете** било која површина од кожата каде има модринки, оток, инфекција или ако постои отворена рана.

**Содржината на пластична чинија**




### A. Припрема

1. **Извадете една запечатена пластична чинија од фрижидер**
   - Проверете го датумот на употреба на капакот на чинијата. Не употребувајте го ако е поминат рокот на употреба.
   - Отстранете го хартиениот капак комплетно. Проверете дали чинијата содржи еден наполнет инјекциски шприц и една игла за инјектирање (види слика "Содржината на пластична чинија").

2. **Оставете го шприцот за да се загрее**
   - Оставете го на собна температура околу половина час. Ова ја прави инјекцијата поконфорна отколку со инјектирање директно од фрижидер.

   **Совет:** Не користете надворешни извори на топлина како што е топла вода за да се загрее шприцот.

3. **Измијте ги темелно рацете** со сапун и вода и исушете ги.

4. **Припремете памук натопен со алкохол и фластер** (не се во пакувањето) ако ви е потребно.

**На чиста, тврда површина одложете ги предметите потребни за Вашата инјекција.** Поставите чинија на неа.

## B. Припрема за инјектирање

1 **Проверете ја течноста во шприцот**



**Таа треба да биде бистра и безбојна.** Доколку течноста е заматена, обоена или содржи честички кои пливаат во неа, не го употребувајте тој наполнет шприц.

2 **Отстранете го затворачот на шприцот**



Шприцот има бел затворач.
**Проверете дали затворачот е неоштетен и неотворан.**
Доколку се чини дека е претходно отворан, не го употребувајте тој наполнет шприц.
Држете го шприцот со белиот затворач нагоре.
**Свиткајте го затворачот под прав агол додека не се откачи.** Не допирајте го врвот на поврзување.
Не го потискувајте клипот.

3 **Наместете ја иглата.**



Отворете ја иглата и наместете ја на врвот од шприцот, без да го отстранувате затворачот.
**Притиснете на иглата врз шприцот.**
**Завртете го во правец на стрелката на часовникот додека не се намести на местото.**

**Совет:** Проверете дали иглата за инјектирање е цврсто прикачена на шприцот.
Во спротивно може да протекува.
Ако Ви е кажано постепено да ја зголемувате Вашата доза Avonex, може ќе треба да употребите Avostartclip комплет за титрација кој ќе го добиете од Вашиот лекар.
За дополнителни информации, разговарајте со Вашиот лекар.



**Сега отстранете ја амбалажата од иглата со потегнување нагоре.**
Не ја одвртувајте.

**Совет:** Ако го одвртувате затворач од иглата за да го отстраните, може несакајќи да ја отстраните и иглата.

## C. Давање на инјекцијата

1 **Исчистете го местото на инјектирање и оптегнете ја кожата.**



Ако е неопходно, употребете памук натопен со алкохол за да ја исчистите кожата на местото на инјектирање. Оставете кожата да се исуши.
**Со една рака, оптегнете ја кожата околу местото на инјектирањето.**
Олабавете го мускулот.

2 **Инјектирање**



**Ставете ја иглата за инјектирање со брз потег како на пикадо** под прав агол со кожата, во мускул.
Иглата мора целосно да влезе.
Притиснете го клипот бавно додека шприцот не се испразни.
Ако употребувате шприц на кој е прикачен Avostartclip, ќе примите помала доза на Avonex.
Шприцот нема да се испразни до крај.

**3** **Извадете ја иглата**



Кожата се држи оптегната или се притиска околу местото на инјектирање и се вади иглата.
Ако користите памукчиња со алкохол, ставете и држете едно на местото на инјектирање.
Ставите фластер на местото на инјектирање, ако треба.



**Правилно отстранување на искористениот прибор**

По секое инјектирање, иглата и шрицот се ставаат во посебен контејнер, а не во обичен отпад.
Ако сте го користеле Avostartclip, шприцот (со Avostartclip) мора да се отстрани. Неискористениот дел на Avonex **не смее** да се користи.
Искористените марамчиња и памукчиња можат да се фрлат во обична канта за отпадоци.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ